ОПШТИНА КАРПОШ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА И
ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ЗАПИСНИК**
**од 68 Шеесет и осма (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 01 јули 2025 година (вторник)**

Шеесет и осма (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 01 јули 2025 година (вторник), со почеток во 14.30 часот, во просториите на Универзитет Скопје (Универзитет за туризам и менаџмент Скопје).

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Убавица Игнатоска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Благица Цветановска, Давор Грче, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска и Татјана Стојановска,

На седницата беше присутен и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

- Усвојување на оправданоста за свикување вонредна седница

Претседателот ја стави на гласање оправданоста за свикување на 68.(вонредна) седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја стави на гласање оправданоста за свикување вонредна седница.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е изгласана оправданоста за свикување на 68.(вонредна) седница.**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Советнички прашања**
2. **Предлог-Одлука за резервирање финансиски средства за експропријација на недвижен имот: КП 1821/30 со површина 447 м2, КП 1821/31 со површина 129 м2, КП 1838/4 со површина 253 м2 и КП 1839/8 со површина 59 м2;**

3. **Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје;**

1. **Советнички прашања**

Членот на Советот Предраг Станковски постави прашање:

**1.”Во последните 3 години колку средства се одвоени од Општина Карпош за чистење на водните канали во Вардар”**?
**Во последните 3 години колку средства се одвоени од Буџетот на Општина Карпош за чистење на одводните канали поврзани со реката Лепенец кој служат за наводнување на земјоделските површини што се наоѓаат во атарот на населените места Бардовци и Злокуќани.**

Членот на советот Татјана Стојановска постави прашање:
**1. На кој начин е предвиден паркинг просторот според градежната дозвола за објект на улица “Будимпештанска” 24 Б?**
**2. Дали е започната изработка на ДУП 3 05 (спроти City mall кај ул.”Манапо” Карпош 3) кој е иницијаторот за изработка на ДУП кој го изработува како и кога може граѓаните да направат увид во изработката на овој ДУП?**
**3.Зошто рампата на кеј Вардар е константно отворена**?**Врз основа на што е превземена рампата на кеј Вардар?**
**4. Кој е документот по кој утврдуваат дека е директен сопственик на имотниот лист АД ЗУАС за градбата (спроти бензинска станица Мак Петрол)?**
**5.Бара извештај од инспекторатот од средбата со сопствениците на ресторанот спроти Мак Петрол.**
**6.Иницијатива на Зелена револуција Карпош бараат средба со Градоначалникот во врска со депониите на Водно?**
**7.До каде е проектот за паркот кај Илинденска и кога истиот би бил завршен?**
**8.Барање за ограничување на брзината на улица Јуриј Гагарин над 30 км на час.**
**9.Зошто градежниот инспектор одбил да даде информации од јавен карактер за решенија и записници за рушење на дивоградби во Општина Карпош од мај 2023 и 2024 год?**

Збор зема Градоначалникот со одговор согласно законот улица Јуриј Гагарин припаѓа на Град Скопје. Градоначалникот посочи дека Општина Карпош немаат контакт со Град Скопје за да може да соработуваат. Во однос на 5. поставено прашање бил на увид во ресторанот спроти Мак Петрол посочи дека ги опоменал сопствениците колку паркинг места толку маси да има, од страна на инспекторите ќе се мери бучавата, да нема свадби. Дозвола за работа даваат пазарната инспекција и таа дава согласност дали ги исполнуваат условите.
Во врска со барање за средбата на Зелена револуција со градоначалникот тој посочи дека за тие депонии е задолжен градоначалникот на Град Скопје.

---

Членот на советот Славко Митевски постави прашање:
**1.Апел од жителите на Трнодол како може да им се помогне поради немање на вода?**

**2. Предлог - Одлука за резервирање финансиски средства за експропријација на недвижен имот: КП 1821/30 со површина 447 м2, КП 1821/31 со површина 129 м2, КП 1838/4 со површина 253 м2 и КП 1839/8 со површина 59 м2;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за резервирање финансиски средства за експропријација на недвижен имот: КП 1821/30 со површина 447 м2, КП 1821/31 со површина 129 м2, КП 1838/4 со површина 253 м2 и КП 1839/8 со површина 59 м2;**

**3. Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје;**

По исцрпување претседателот ја затвори шеесет и осмата (вонредна) седница во 15.15 часот

Изработил: Виолета Андреевска

**Број: 09-8571/4**
**Датум: 26.08.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**